ПОД ЗНАМЕТО НА ОН | ДЕН НА ЛОГИСТИЧКАТА БАЗА | „ILYUSHIN IL – 2 SHTURMOVIK“ | „EJDER YALÇIN“

# ШТИТ

Број 140
Јуни 2021

ISSN 1857-6710

9 771857 671002

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



Успешна реализација на вежбата

## „ОДЛУЧЕН УДАР 2021“



# миските специјалци

министерката, припадници на Армијата освојуваа врвови. Како држава, како Министерство за одбрана, покажавме дека ниеден врв не е недостапен, ако знаете која ви е целта, ако ги искористите ресурсите за вистинските приоритети и ако го сработите својот дел од задачата. Покажавме дека со вистинска опрема, со вистински одлуки од страна на Генералштабот, и вистинска владина политика, навистина можеме да сработиме многу", рече Шекеринска.
На промоцијата на алпинистичката опрема присуствуваше и началникот на Генералштабот Васко Ѓурчиновски, кој заедно со министерката ја проследи демонстрацијата на користење на опремата. Набавката е извршена од буџетот на одбраната и е во износ од 15 милиони денари. Арсеналот алпинистичка опрема се состои од таканаречено витло за спасување, алпинистички јажиња за извлекување и за заштита при искачување, алпинистички појаси, алпинистички цокули и патики, шлемови, ламби за на шлемови, пластични и метални носилки за транспорт, бургии за бушење, канџи за вкопување во карпа и други потребни делови.





## содржина

ШТИТ ■ година XIII ■ број 140 ■ јуни 2021

Инфо 5

На прва линија
**Успешна реализација на вежбата „Одлучен удар 21“** 6

НАТО активности
**Тактички команди на здружените сили на НАТО – втор дел** 8

НАТО активности
**Политиката на НАТО за достигнување на трошоци во одбраната од 2% од БДП** 10

Глобал
**Ескалација на верскиот екстремизам во Франција** 16

Едукација
**Социјалните медиуми и влијанието врз луѓето и безбедноста** 20

Вежби
**Итност од формирање на Национална спасителна служба** 24

Вооружување
**“Ilyushin Il – 2 Shturmovik”** 28

Вооружување
**„AAVP7 A1“ – амфибиски оклопен транспортер** 32

Вооружување
**Авион „AMX International“** 34

Вооружување
**„IC 380 CELL PHONE“ – идеален пиштол за прикриено носење** 40

Глобал
**Од спротивната страна на ѕидот – контролната точка „Чарли“ и преминитe на Берлинскиот ѕид** 42

Глобал
**Како да се задржи квалитетен кадар во рамките на институцијата** 48

# Враќање во нормала

Во изминатиот период светот се соочи со еден нов предизвик кој остави траен белег и ја измени перцепцијата за функционирањето на светот каков што дотогаш го познававме. Појавата на новиот вирус КОВИД-19 и проширувањето на болеста во речиси секое катче на планетата Земја, нè предупреди дека сме ранливи и исправени пред предизвици за кои е потребно да се пронајдат начини како да се справуваме со нив и како успешно да ги совладуваме. Вирусот и болеста не ја одминаа ниту нашата држава. Изминативе период се соочивме со функционирање и во вонредна и во кризна состојба, кои беа прогласени на територијата на нашата држава заради голем број заболени и, за жал, и со голем број починати од КОВИД-19 во државата.

Армијата на Република Северна Македонија од почетокот на пандемијата беше активно вклучена во спроведувањето на сите мерки и активности од нејзин домен за справување и намалување на последиците од болеста. Сите доследно ги почитувавме мерките и со нетрпение ги чекавме вакцините кои ќе помогнат да се намали обемот на пандемијата за да се вратиме во нормала. Пронаоѓањето и глобалната дистрибуција на вакцината против болеста беше единственото оружје со кое ќе може светот целосно да се справи со пандемијата раширена насекаде во светот. Трпеливо ги чекавме вакцините кои, за жал, во нашата држава не пристигнуваа со посакувано темпо и во доволна количина. Донациите од нашиот северен сосед и од други пријателски земји, секако дека во овој период ни беа неопходни. Последната донација на вакцини за наши потреби беше од Армијата на Народна Република Кина, донација од 100.000 дози вакцини, со кои беа опфатени и вработените во Армијата и во Министерството за одбрана, но и за потребите на јавното здравство. Донацијата ја примија министерката за одбрана Радмила Шекеринска, министерот за здравство Венко Филипче и началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски. Донацијата следуваше по средбата на министерката Шекеринска со кинескиот министер за одбрана Веи Фенгхе во март годинава, кога двајцата министри се согласија дека глобалните кризи, како што е оваа со пандемијата, можат да се решат исклучиво низ заеднички напор и со голема меѓусебна солидарност. Министерот за здравство, Венко Филипче, на примопредавањето на вакцините изјави дека ова е значително количество на вакцини, што може значително да ја смени сликата за пандемијата во Северна Македонија. Тој истакна дека претходната донација од кинеските вакцини веќе е дистрибуирана по здравствените домови ширум земјата и вакцинацијата на населението се одвива со посакувано темпо. Амбасадорот на НР Кина, Џанг Syo, во изјава за медиумите рече дека светот во моментов доживува длабоки промени благодарение на оваа пандемија и потребно е сите да се придржуваме кон мултилатерализмот и зајакнување на солидарноста и соработката.

Припадниците на Армијата и вработените во Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, иако во изменети услови заради пандемијата, континуирано и успешно ги извршуваа своите работни задачи и обврски во изминатиот период. Последен, најочигледен пример за тоа, секако е беспрекорната организација и успешноста во изведувањето на најголемата воена вежба „Одлучен удар 21“, која се одржа на армискиот полигон „Криволак“ со учество на 1500 припадници од армиите на Република Северна Македонија, САД, Република Грција и Република Бугарија.

Се надеваме дека преку успешната вакцинација мошне брзо целото наше општество, и светот во целост, ќе успеат да се вратат во нормала и дека пандемијата со КОВИД-19 ќе остане само спомен на еден поинаков свет со кој се соочувавме изминатиов период.

д-р Жанет Ристоска


Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**м-р Иван Атанасоски,полковник**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)






ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува еднаш во месецот на web-страницата на Министерството за одбрана www.mod.gov.mk

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;



Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.







# Ескалација на верскиот екстремизам во Франција

Милитантниот исламизам претставува изобличување на исламската вера и со векови бил „трн во окото“ на секој значаен и траен напредок во рамките на исламската теологија. На Запад, исламистите го искористија исламизмот за вооружување на верата, замолчување на критичарите и намалување на слободата на говорот, што до некаде претставува и обид за целосно уништување

На 29 октомври 2020 година во Ница, град на француската ривиера, во базиликата Нотр Дам една жена беше обезглавена и уште две лица беа убиени од лице коешто извикувало „Алаху акбар“, или во превод „Алах е најголемиот“. Во период од еден месец ова беше второ обезглавување во Франција од страна на верски екстремист. Две недели претходно, на 16 октомври, во предградие на Париз, беше обезглавен наставник од средно училиште, откако на учениците им покажал неколку цртани филмови со пророкот Мухамед за време на дискусијата за слободата на говорот. Претходно, на 26 септември, пред поранешните канцеларии на сатиричното списание „Шарли Ебдо“ беа нападнати и сериозно повредени две лица. Три екстремистички напади во Франција за помалку од два месеци. На ова претходеа многу други убиства инспирирани од милитантните исламисти во Франција. Тука може да се набројат долготрајното мачење и убиство на Илан Халими во 2006 година; sверскиот колеж на еврејскиот



учител и трите деца во Тулуз во 2012 година; масакрот врз персоналот на сатиричното списание „Шарли Ебдо“ во 2015 година и на истиот ден убиството на четворицата Евреи во супермаркет; обезглавувањето на едно лице во неговиот автомобил во предградијата на Лион во 2015 година; на 14 јули 2016 година на Денот на Бастилја во Ница во напад со камион загинаа 86 и беа ранети 458 луѓе; неколку дена подоцна на 26 јули за време на миса во црква во Сент Етјен ду Руврај во Нормандија беше заклан свештеникот – настан од кој светот беше во шок, и во 2017 година убиството на две Еврејки. Според податоци преземени од полициските извештаи, секојдневно низ цела Франција, приближно 120 пати на ден, се вршат напади од страна на верски екстремисти, кои честопати резултираат со сериозни повреди. Очигледно е дека Франција е западноевропска земја која е најпогодена од верскиот екстремизам и насилство. По официјалното спречување на далечните бази од кои се организираше терористичката организација „Исламска држава“, терористичките напади со висок интензитет навистина се намалија, но тие сепак и понатаму се случуваат во помал обем, и никогаш не престануваат. По секој извршен напад ставот на француската влада е ист. Настапуваат остро и ги осудуваат постапките на верските екстремисти, ветуваат цврст одговор, а во една прилика во 2015 година, премиерот Мануел Валс изјави дека „на Французите мора да им се каже вистината дека мора да се навикнат да живеат со оваа терористичка закана што е резултат на активностите на особено варварски терористички организации како што е Исламската држава или Ал Каеда, коишто, исто така, радикализираа поединци на француско тло“...
Неколку месеци по оваа изјава, на 14 ноември 2015 година, се случи масакрот во театарот „Батаклан“, во кој беа убиени 130 лица, а повеќе од 360 беа ранети. Беше прогласена вонредна состојба, за потоа војската да ги обезбедува улиците на Франција. Меѓутоа, вонредната состојба не спречи да се извршат уште неколку напади, вклучително и нападот со камион на 14 јули во Ница. Со глед на неможноста да се постигне предвидената цел со воспоставување на вонредната состојба, истата по две години беше укината. Скоро четири години по изборот на претседателот Емануел Макрон во 2017 година, се чини дека не успеа да направи нешто повеќе во однос на неговите претходници. Макрон во своите говори го осудува, како што го нарекува, „исламскиот сепаратизам“ и ветува дека ќе предложи закон за борба против „исламизмот“. Тој го обвинува исламизмот, кој го дефинира како идеологија различна од исламот, или религија која е во криза.  На ова, водечките француски муслимански здруженија објавија дека муслиманите во Франција се жртви и се цел на најлошата стигматизација од страна на политичарите. Ова беше поддржано од антирасистичките здруженија, а претседателот Макрон беше обвинет за неговата наводна наклоност кон екстремната десница и барање на виновници кај недолжните муслимани. Според анкетата што беше спроведена во октомври 2019 година, 61% од Французите сметаат дека „исламот е некомпатибилен со вредностите на француското општество“, 78% од испитаниците сметаат дека секуларизмот во моментот е загрозен, односно може да се забележи дека расте непријателството на Французите кон исламот. Во меѓувреме, неколку лидери на муслимански држави повикаа на бојкот на француските производи, а критиките упатени кон исламот станаа предизвик и за дипломатијата. Организацијата за исламска соработка изрази жалење за забелешките на некои француски официјални лица кои можат да им наштетат на француско-муслиманските односи. Турскиот претседател Ердоган жестоко го критикуваше односот кон муслиманите и ги осуди како провокација изјавите на францускиот претседател за „исламистичкиот сепаратизам“ и потребата за „структурирање на исламот“ во Франција. Предлог-законот за борба против „сепаратизмот“ во Франција, чија цел е милитантниот исламизам, има цел да го зајакне секуларизмот и да ги консолидира принципите за справување со заканата во Франција. Тука спаѓаат и неколку критични точки што може да предизвикаат тензии со Турција, како што е засилената контрола на финансирањето на џамиите или забраната за обука на имами во странство. За смирување и релаксирање на целата ситуација, министерот за надворешни работи на Франција, во ноември 2020 година во Каиро се сретна со големиот имам на Универзитетот „Ал-Азар“, највисокиот муслимански орган во Египет, кој е жесток критичар на француската политика. Според големиот имам, неприфатлива е каква било навреда на пророкот, со предлог за преземање




Настаните во Франција претставуваат демонстрација за тоа како дејствуваат милитантните исламисти – од активизам до насилство, преку поединци, организации и светски лидери. Слики од обезглавениот наставник ја обиколија планетата и тешко е да се опише незадоволството и лудилото што го предизвикаа. На семејствата на жртвите им беше дадена максимална поддршка, наставниците и родителите беа уверувани дека се безбедни и дека се преземени сериозни мерки. Меѓутоа, сето тоа е до следниот терористички напад

на заеднички напори во сузбивањето на фанатизмот. Поимот „исламистички сепаратизам“ навистина нема многу смисла, бидејќи според историчарот Бенкеира, „за муслиманите, автор на исламските закони е Бог, а секој друг законодавец е нелегитимен. Исламот ги става своите закони над законите на која било влада и не бара од муслиманите да се разделат, туку да се обединуваат и да освојуваат“.
Во ноември 2020 година од страна на Здруженијата на муслиманите и нивните лидери, а на барање на претседателот Макрон, беше изготвена „повелба за вредностите на Републиката“, во која се инсистира на фактот дека исламот во Франција е религија, а не политичко движење и го забранува мешањето или здружувањето со надворешни странски организации. Според оваа повелба ќе треба да се стави крај на присуството на 300 странски имами во Франција испратени од Турција, Мароко и Алжир. Формираниот „Совет на имами“ ќе има мисија да ги лиценцира имамите но, исто така, и да им ги одземе овластувањата во случај на непочитување на повелбата и етичкиот кодекс. Покрај тоа, без оглед дали имамот е молитвен водач, проповедник или предавач, тој мора да има одредено ниво на познавање на францускиот јазик и соодветна универзитетска диплома. Меѓутоа, иако муслиманските здруженија веднаш го прифатија предлогот и повелбата, никој не треба да очекува дека оваа нивна согласност значи дека планираат да ги променат своите практики. Исламот отсекогаш и насекаде, веќе четиринаесет века, бил многу повеќе отколку религија. Исламот претставува комплетен духовен, политички и правен систем, и никој нема да може тоа да го смени. Исламот не познава граници и разлики помеѓу државите, а муслиманите припаѓаат на верски дефинирана идеја на „ummah“, или глобалната исламска заедница, и тоа е ситуација која никој нема да може да ја промени. Зборот „ummah“ потекнува од арапските зборови „amma“ што значи „да се оди, да се да види“, „imama“ – „да се оди по патот на чело со еден предводник (особено во молитва)“, „umuma“, „да се биде или да се стане мајка, да се национализира“. Исто така, корените му се и од зборот „Umm“, што значи „мајка, извор, потекло, основа, темел, оригинал, оригинална верзија (на книга), главно обележје, суштина“. Така „ummah“ значи „народ, нација, луѓе, генерација, заедница“ и овој елементот е многу моќен и има демографска база низ целиот




свет. Огромен процент од лицата коишто ги извршуваат терористичките акти во Франција имаат статус на бегалец. Меѓутоа, француската Влада не е заинтересирана за какви било законоски промени насочени кон лицата кои имаат корист од тој статус во Франција. Засега Франција годишно прима околу 400.000 имигранти, од кои повеќето доаѓаат од муслиманскиот свет. На повидок нема никакви мерки што би можеле да ја ограничат имиграцијата во Франција. Во меѓувреме, процентот на муслиманска популација во Франција продолжува да расте. Денес муслиманите претставуваат 10% од населението, а процените покажуваат дека оваа бројка до 2050 година ќе се удвои. Во исто време, бројот на муслимани коишто живеат во Франција и кои го ставаат Шеријатското право над законите на Републиката, исто така, продолжува да расте. Во истражување, спроведено на 2034 луѓе во периодот помеѓу август и крајот на октомври 2020 година, 57% од муслиманите на возраст под 25 години велат дека повеќе би сакале да се покорат на Шеријатот отколку на законите на Француската Република. Меѓутоа, и покрај случувањата по нападите врз сатиричното списание „Шарли Ебдо“, Франција нема да ги промени законите што ја гарантираат слободата на изразување. Во нив се потврдува дека „никој не смее да биде загрижен за неговите мислења, дури и религиозните, под услов нивното манифестирање да не го нарушува јавниот ред и мир утврден со закон“ и дека „слободната комуникација на мисли и мислења е едно од најскапите човекови права: секој граѓанин може слободно да зборува, да пишува, да печати, освен ако ја злоупотребува оваа слобода во случаи утврдени со закон“. Францускиот новинар Ерик Земур во 2019 година беше осуден со парична казна од 10.000 евра за



навреда и поттикнување омраза врз исламот и имиграцијата за време на политички митинг во Париз. Според судот, неговите зборови претставуваат охрабрување за дискриминација и омраза кон муслиманската заедница и нејзината религија. Лидерот на здружението „Секуларен одговор“, кое се бори против исламизацијата на Франција, е осуден затоа што изјавил дека сите терористички напади во Франција во последните две децении ги извршиле муслимани, и дека исламот, низ целата своја историја, бил суштински насилен и крвав.
Сето ова покажува дека Франција сè уште не ја разбира реалноста со која се соочува. Заканата по дефиниција ја гледа во тероризмот, претставен од млади индоктринирани луѓе кои не се атентатори, ниту лудаци, ниту неуки. Милитантните исламисти сакаат да ја претстават својата држава, држава која нема своја територија, нема граници, нема капитал, нема граѓани, туку верници обединети во „ummah“, присутни во сите региони на светот, верници кој не почитуваат друг закон освен Шеријатскиот. Следбениците на верскиот екстремизам претставен преку милитантниот исламизам, не се државните службеници во границите на една држава, туку верниците-следбеници ширум светот, поврзани без посебни хиерархиски врски меѓу себе, секој постапувајќи според своите можности и околности, сам или со своите роднини и пријатели. Лидерите на милитантните исламистички организации преку своите фатви – верски заповеди, им заповедаат на верниците-следбеници ширум светот, со сите средства да работат за проширување на екстремистичката идеологија, да ја бранат по цена на својот живот, да се борат против неверниците и да ги казнуваат отпадниците.
Верските екстремисти ја водат оваа војна глобално, против муслиманите кои не го применуваат шеријатскиот закон, против христијаните, Евреите, атеистите. Франција е силно погодена поради сопствената историја, колонизацијата, поддршка за одредени арапски држави, присуство на голем број имигранти и слабата интеграција. За Французите, лицето коешто го обезглави наставникот на 16 октомври 2020 година е убиец, додека, пак, за милитантните исламисти тој е искрен и храбар муслиман кој му пресудил на наставник за богохулење, го осудил на смрт и го погубил, во согласност со Шеријатскиот закон. Крајно време е демократските држави да ги разгледаат овие факти како нивна реалност и да преземат решителни



чекори во одбрана на правниот систем. Од друга страна, агресивниот однос на властите врз „исламскиот сепаратизам“ и „непријателот внатре“, муслиманите во Франција ги принуди да се запрашаат дали некогаш ќе бидат целосно прифатени и интегрирани. По терористичките напади во Париз во 2015 година, претседателот на Републиката нареди француските борбени авиони да ги бомбардираат стратегиските места на Исламската држава на истокот на Сирија. Беше поведена безмилосна војна против тероризмот, а францускиот Парламент објави тримесечна вонредна состојба со зголемени надлежности на полицијата за надзор и следење на лица во борбата против радикализација, мерки коишто структурно и стратегиски беа спротивни со воспоставената асимилациона политика. Во Франција има речиси шест милиони муслимани, муслимани коишто го осудуваат насилството, но стравуваат дека сите тие се етикетирани како терористи. Факт е дека исламот во Франција е под страшен притисок од екстремистички фракции кои имаат моќно влијание врз младите, особено преку социјалните мрежи. Меѓутоа, погрешните политики од неодамнешните случувања во Франција врз поединци и групи муслимани, во кој беа уапсени 250 лица обвинети за екстремизам, од кој подоцна само седум постапки се процесуирани, претставува ризик за создавање на поголема конфузија, отколку ефикасно справување со заканата.

д-р Ненад Танески

